АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-581/12
11.06.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ на седницата одржана на ден 05.06.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Правилникот за методологија за определување на работни места и пресметување на плати во Црвен крст на Република Македонија**

Член 1

Во Правилникот за методологија за определување на работни места и пресметување на плати во Црвен крст на Република Македонија (бр. 0202-651/15 од 04.07.2018 година) во насловот, преамбулата и во сите одредби се заменуваат зборовите „Црвен крст на Република Македонија" со зборовите „Црвен крст на Република Северна Македонија", „Црвен крст на РМ" со зборовите „Црвен крст на РСМ" и кратенката „ЦКРМ" со кратенката „ЦКРСМ".

Член 2

Се менува член 6 од Правилникот од член 1 на оваа Одлука и истиот гласи:

„Член 6

Бројот на работници (без секретарот) во ООЦК по групи се утврдува до 5 (пет) и тоа:

| | Подгрупа (или поделба согласно бр. на жители) | Број на работници |
|---|---|---|
| Прва група | до 30.000 жители | 1 |
| | 30.001 – 50.000 жители | до 2 |
| Втора група | 50.001 – 75.000 жители | 2 |
| | 75.001 – 100.000 жители | до 3 |
| Трета група | 100.001 – 125.000 жители | 3 |
| | 125.001 – 150.000 жители | до 4 |
| Четврта група | 150.001 – до 175.000 жители | 4 |
| | над 175.000 жители | до 5 |

Член 3

Во член 8 став 1 од Правилникот од член 1 на оваа Оодлука бројот „6 (шест)" се заменува со бројор „10 (десет)".

Член 4

Во член 10 став 1 од Правилникот од член 1 на оваа Одлука бројот „25 (дваесет и пет)“ се заменува со бројот „30 (триесет)“.

Член 5

Во член 27 став 2 бројот „23.000,00“ се заменува со бројот „24.250,00“.

Член 6

Се задолжуваат Централната канцечарија на Црвен крст на РСМ, општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје во рок од 120 (сто и дваесет) дена од денот на донесување на оваа Одлука да ги подготват и донесат правилниците за организација на работата и систематизација на работни места.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

**Претседател,**

**Проф.д-р Ромел Велев**

Доставено:
- ООЦК/ЦКГС
- Сектори/одделенија
- Служба за финансии и ревизија;
- Архива;